# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА
# ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО БРОЈ 8

# СОДРЖИНА


| Ред. број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1 | Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Зелениково за 2026 година | 4 |
| 2 | Одлука за доделување награда на првенци на генерација 2017-2026 година при ООУ “Марко Цепенков” - Зелениково | 5 |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Зелениково за 2026 година

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Зелениково за 2026 година, донесена на 13 - та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 30.06.2026 година.

**Број 08-02/50**
**Датум 01.07.2026 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за Локалната самоуправа ( „Службен весник на РМ" бр.5/02 и Службен весник на РСМ број 202/24 ), член 29 став 1 од Законот за финансирање на ЕЛС („Сл.весник на РМ" бр.61/04, 96/04,,67/07,156/09,47/11,192/15 и 209/18 и Службен весник на РСМ 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), Советот на општина Зелениково на седниицата одржана на ден 30.06.2026 год ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ЗЕЛЕНИКОВО**

**за 2026 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ЗЕЛЕНИКОВО за 2026 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **E00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 427110 | Привремени вработувања | 90.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **EA0** | **КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| 485420 | Надомест за одземен имот | 250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **F10** | **УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ** | | | | | |
| 425640 | Изработка на просторни и урбанистички планови | -100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **FD0** | **УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА (КАПІ** | | | | | |
| 482920 | Изградба на други објекти | -140.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JN0** | **УРБАНА ОПРЕМА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)** | | | | | |
| 480190 | Купување на друга опрема | -100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Бр. 10-299/1
30.06.2026

Претседател на Советот на Општината
**Миле Димовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Одлука за доделување награда на првенци на генерација

Се објавува Одлуката за доделување награда на првенци на генерација 2017-2026 година при ООУ "Марко Цепенков" - Зелениково, донесена на 13 - та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 30.06.2026 година.

**Број 08-02/51**
**Датум 01.07.2026 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24), Советот на Општина Зелениково на 13 - та седница, одржана на ден 30.06.2026 година, расправајќи по Известувањето за првенци на генерација во учебната 2025/2026 година, број 10-290/1 од 22.06.2026 година доставено од ООУ "Марко Цепенков" - Зелениково донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување награда на**
**првенци на генерација**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделува награда – еднократна парична помош на првенците на генерација 2017-2026 година и тоа на: Исидора Грнчаревска износ од 10.000,00 денари и Јана Димковска износ од 5.000,00 денари.

**Член 2**

Финансиските средства се предвидени и обезбедени во Буџетот на Општина Зелениково за 2026 година, програма А0 – Совет на општина, потставка 464990 – Други трансфери.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот согласно финансиските средства со кои располага општината, да изврши исплата на одобрените износи.

**Член 4**

Финансиските средства ќе се исплатат на трансакциски сметки кои ќе бидат доставени од страна на родителот/старателот.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Зелениково.

**Број 10-290/2**
**Датум 30.06.2026 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Миле Димовски с.р**